**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09-1507/1
Датум: 07.03.2019

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) Градоначалникот на Општина Центар - Скопје распишува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доставување иницијативи за изработка на урбанистички планови

Јавниот повик се распишува во согласност со член 21 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/2018 и 168/18).

**Јавниот повик ќе трае од 11.3.2019 до 12.4.2019 година или 33 дена, сметано од објавувањето во дневниот весник „Слободен печат".**

Во текот на јавниот повик, сите заинтересирани физички и правни лица можат да достават иницијативи за изработување и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1), точка 2, алинеја 2 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општината.

Предмет на иницијатива може да биде донесување нов урбанистички план или изменување и дополнување на важечки урбанистички план, со образложение за бараните изменувања и предлог за планскиот опфат.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, во рок од 15 работни дена по истекот на рокот за доставување на иницијативи.

Средствата за прифатените иницијативи за изработување и донесување на урбанистичките планови треба да ги обезбедат правните или физичките лица подносители на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Центар - Скопје, www.centar.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службен гласник на Општина Центар - Скопје" и во дневниот весник „Слободен печат".

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Центар - Скопје**
**Саша Богдановиќ**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ 1

ул. Михаил Цоков бб , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk